CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

61(062)(048.3)

КОНГРЕС на студенти по општа медицина (3 ; 2024 ; Штип)
Книга на апстракти [Електронски извор] / Трет конгрес на студенти по Општа медицина, 17-18 Мај, 2024, Штип ; [уредник  Сара Николова]. - Текст во ПДФ формат, содржи 87 стр., илустр. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за медицински науки, 2024

Начин на пристапување (URL): https://js.ugd.edu.mk/index.php/ISMS. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 17.06.2024 год.

ISBN 978-608-277-053-6

а) Медицина -- Собири – Апстракти

COBISS.MK-ID 63931909

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ

# Книга на АПСТРАКТИ

Трет конгрес на студенти по
Општа медицина
17-18 Мај 2024

**Рецензент:**
проф. д-р Антонио Глигориевски

**Лектор:**
д-р Марија Соколова

**Техничко уредување:**
Филип Постолов

**Уредник:**
Сара Николова

**Година и место на издавање:**
Штип, Р.С. Македонија, 2024г

Издавач:
**Универзитет „Гоце Делчев“-Штип**

04

# Апстракти-Орални презентации

Verba volant, scripta manent.

*Кажаниот збор бледее, напишаниот останува вечно.*

# Важноста на менталното здравје кај студентите: Постои ли здравје без ментално здравје?

Ј.Спасовски[1], Г. Аризанкоска[1], Љ. Ордева[1], М. Илов[1], Р. Крстеска[1,2]
[1]Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
[2]ПЗУ Центар за семејно здравје Хелио Медика 2; Скопје;

**Вовед:** Менталното здравје на студентите во нашата држава претставува камен-темелник за успешен академски пат и општа ментална благосостојба. Способноста на студентите да се запознаат со поврзаноста на менталното здравје и академскиот живот, како и разбирањето и негувањето на истото, е од фундаментално значење за образовниот процес.

**Цел:** Да се прикажат актуелните предизвици и потреби на студентите поврзани со менталното здравје на Универзтитет „Гоце Делчев" - Штип.

**Материјали и методи:** Анкетен прашалник реализиран преку Е-пошта во месец ноември 2023 година, опфатени се 663 студенти од сите факултети на Универзитетот.

**Резултати:** Истражувањето покажа дека 638 (95.8%) од студентите го сметаат менталното здравје за важен дел од Универзитетската заедница, но 423 (63.5%) од нив изразуваат загриженост за неотвореноста на студентите кон дискусии поврзани со ментално здравје. Значајни се добиените одговори на студентите за она што некогаш го почувствувале во текот на академскиот живот. Така, 571 (85.7%) некогаш се почувствувале анксиозно, 515 (77.3%) депресивно, и 623 (93.5%) тензично. Притоа, 520 (78.1%) приметиле намалена концентрација, 63 (9.5%) се соочиле со злоупотреба на супстанции, и 563 (84.5%) приметиле главоболка и губење на апетит поврзани со академскиот стрес. Загрижувачки е дека 409 (61.4%) никогаш не се консултирале со стручно лице, 136 (20.4%) се почувствувале изолирано, а 393 (59%) сметаат дека свесноста на професорите за менталното здравје на студентите е мала.

**Заклучок:** Потребни се конкретни стратегии за справување и системска поддршка, Универзитетски прирачник за поддршка на студентското ментално здравје и активно Универзитетско психолошко советувалиште. Сепак, не постои здравје без ментално здравје.

***Клучни зборови: Ментално здравје, академски живот, системска поддршка***